Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

Бр. 13-1397/15 од 09.11.2020 год.

Врз основа на член 24 и член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15, 163/16, 64/18), член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 57 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Сл.гласник на Град Скопје" бр.8/2005 и Сл.гласник на Кисела Вода бр.13/2006), донесената програма (Ф) за урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2020 година со решение бр. 08-10497/10 од 31.12.2019 година за изработка на Детален урбанистички план за Градска четврт Ј20 Блок 08, по прифатена иницијатива, Градоначалникот на Општина Кисела Вода донесе:

# **О Д Л У К А**

за организирање на јавна анкета и јавна презентација

по предлог ДУП за Градска четврт Ј20 Блок 08, Општина Кисела Вода,

Плански период 2020-2025

**Член 1**

Се организира јавна анкета и јавна презентација по предлог Деталниот урбанистички план за Градска четврт Ј20 Блок 08, Општина Кисела Вода.

**Член 2**

Јавната анкета по предлог Детален урбанистички план за Градска четврт Ј20 Блок 08, Општина Кисела Вода, ќе се спроведе со излагање на предлог - Планот во барака 7 – Голема сала, Општина Кисела Вода како и на веб страната на Општина Кисела Вода www.kiselavoda.gov.mk.

**Член 3**

Јавната анкета ќе трае 10 **работни дена,** почнувајќи три дена од денот на објавувањето на Соопштението за организирање на јавна анкета и јавна презентација по предлог Детален урбанистички план за Градска четврт Ј20 Блок 08, Општина Кисела Вода.

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставаат забелешки, предлози и мислења на анкетните листови во архивата на Општина Кисела Вода.

Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

**Член 4**

Јавна презентација по предлог Детален урбанистички план за Градска четврт J20 Блок 08, Општина Кисела Вода, ќе се спроведе со стручно презентирање на планот во барака 7 – Голема сала, Општина Кисела Вода на 20.11.2020 година во 12:30 часот.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода".

**ГРАДОНАЧАЛНИК**

На Општина Кисела Вода

Филип Темелковски